

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

МАЈ 2024

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Подобрувањето на светскиот економски раст продолжува и натаму, но со побавно темпо.
Трговијата исто така бележи опоравување, но сепак е ограничена од сè уште високите каматни стапки. Инфлацијата продолжува полека да се намалува, давајќи им простор на централните банки наскоро за олабавување на мерките. И покрај некои од ризиците кои и натаму го ограничуваат растот, економијата се движи кон еден попредвидлив модел на раст. Глобалниот индекс MSCI ACWI во мај оствари раст од 3,82%. Следено според региони, најголем принос од 4,80% забележа американскиот S&P 500 индекс, додека со помал раст месецот го заврши акциите од брзорастечките економии прикажани преку MSCI Emerging Market индексот кој изнесуваше 0,29%. Од почетокот на годината, S&P 500 индексот останува со најголем принос од 10,64%, а веднаш по него следи европскиот STOXX 600 индекс, чиј принос изнесува 8,18%.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 и изминатиот месец го заврши со пораст. Приносот во текот на мај изнесуваше 2,13%, со што од почетокот на оваа година достигна високи 21,77%. Со најголем месечен принос од акциите кои го сочинуваат е Македонијатурист, изнесувајќи 13,44%, додека Уни Банка и ТТК Банка остварија пад од 3,72% и 3,18%, соодветно. Од почетокот на 2024 година според растот најмногу се издвојуваат НЛБ Банка чиј раст изнесува 36,14% и Македонијатурист со 35,97%. Со најслаб перформанс за истиот период е ТТК Банка која бележи пад од 3,03%.




*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Обврзниците во текот на мај беа без значителни промени споредено со претходниот месец. Главни двигатели остануваат светската геополитика, но и рестриктивната монетарна политика каде се очекуваат првите намалувања на каматните стапки наскоро.На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница изнесувајќи 5,42%, додека најмала стапка на принос има јапонската обврзница, кој изнесува 1,07%.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**
*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03/10/2028.**




*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



На девизниот пазар, руската рубља (RUB) забележа зголемување на вредноста во однос на еврото за 2,00% и со тоа се врати на истото ниво од почетокот на годината, додека по него следи австралискиот долар со раст од 1,04%. Од друга страна, пад остварија американскиот долар (USD), јапонскиот јен (JPY) и кинескиот јен (CNY). Сепак, од почетокот на годината најголем пораст во однос на еврото бележат британската фунта (GBP) и американскиот долар, со 1,81% и 1,76%, соодветно. Јапонскиот јен (JPY) со овомесечниот повторен пад, следено од почетокот на 2024 година има пониска вредност за 8,78%.

**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




*Извор: Блумберг*

Лектор: Каролина Накова

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk